Op{tinaPrilep
Lokalnasamouprava

MunicipalityofPrilep
Local self-government

**Прилеп, 14.03.2025 год.**
**Наш број: 10-384/3**

Врз основа на член 62, став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**
**За спроведување на јавен увид на Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште) со капацитет до 1MW, на ГП 01, на дел од КП бр.189/1, КО Волково - Општина Прилеп**

**член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Прилеп дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште) со капацитет до 1MW, на ГП 01, на дел од КП бр.189/1, КО Волково - Општина Прилеп, со технички бр.307-01/2025 од Јануари 2025 година изработен од Друштво за проектирање, промет и услуги ПРОБЕЛА ДООЕЛ Прилеп.

**член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште) со капацитет до 1MW, на ГП 01, на дел од КП бр.189/1, КО Волково - Општина Прилеп, е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот план на Република Македонија, според кој се изработени Условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот – Скопје, Република Македонија, со технички број У33124 од Август 2024 година, за кои Услови е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со број УП 1-15-1627/2024 од 22.11.2024 година.

Предметниот проектен опфат ја зафаќа дел од КП бр.189/1, КО Волково, Општина Прилеп :

Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект за формирање на ГП, ги следи границите на дел од КП бр.189/1 КО Волково, (сопственост на инвеститорот), а започнува од северната страна каде граничи со КП бр.191 КО Волково , продолжува кон исток со должина од 56,73 м до границата со катастарска парцела бр.192,во истиот правец со оваа парцела граничи во должина со 49,69 м. Од оваа точка границата оди на југ во должина од 89,54м и истата граничи

со КП бр.189/2. Потоа границата оди на запад во должина од 103,51 м, која граничи со КП бр.648, па тоа оди на север во должина од 77,37м и се врќа до почетната точка.

Во овој дел е и пристапниот пат кој поминува низ парцелата која е во сопственост на инвеститорот и е со ширина од 4,0 метри.

Површината на вака формираната ГП, изнесува 9004,43 m² или 0,9 ха, односно површината претставува вкупна површина од КП бр.189/1 КО Волково, во целост, сопственост на инвеститорот ДПТУ ,,СЦГ Златко,, ДООЕЛ с.Кучевиште, со намена на земјиштето на дел од КП бр.189/1, м.в. Дујгас, опфат на урбанистички проект е дефиниран со следниве координати:

| ДЕТАЛНИ ТОЧКИ | | |
|---|---|---|
| БРОЈ | X | Y |
| 1 | 7 545 530.04 | 4 573 566.66 |
| 2 | 7 545 546.87 | 4 573 565.69 |
| 3 | 7 545 586.68 | 4 573 563.41 |
| 4 | 7 545 635.36 | 4 573 553.40 |
| 5 | 7 545 617.05 | 4 573 465.74 |
| 6 | 7 545 554.84 | 4 573 479.74 |
| 7 | 7 545 535.68 | 4 573 485.10 |
| 8 | 7 545 516.51 | 4 573 490.47 |
| 9 | 7 545 530.04 | 4 573 566.66 |

Вака формираниот проектен опфат има вкупна површина од **9004.43 m² или 0,9 ха.**

**ЈАВЕН УВИД**

На Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјоделско земјиште) со капацитет до 1MW, на ГП 01, на дел од КП бр.189/1, КО Волково - Општина Прилеп, со технички бр.307-01/2025 од Јануари 2025 година изработен од Друштво за проектирање, промет и услуги ПРОБЕЛА ДООЕЛ Прилеп, јавниот увид ќе трае 15 дена во електронска форма, кој надлежниот орган со става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Прилеп https://www.prilep.gov.mk/ и на официјалната страна од е-урбанизам https://www.e-urbanizam.mk во периодот од 14.03.2025 до 28.03.2025 година за кое време може да се доставуваат евентуални забелешки, секој работен ден од 8:30 до 15:30 во просториите на Општина Прилеп, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп